**20110912207**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 и член 47 став 1 алинеја 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010),Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

# ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА СО КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА РЕПРОДУКЦИЈА НА КНИЖНИ И КОВАНИ ПАРИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат начинот и постапката со кои се дозволува репродукција на книжни и ковани пари коишто ги издава Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

2. Под репродукција според оваа одлука се подразбира секоја материјална или нематеријална слика од цела банкнота и монета или нејзин дел или поединечен дел од елементите на дизајнот како боја, димензии, букви и симболи, чијашто употреба може да прикаже или да наликува на банкнота и монета без оглед на:

- големината на сликата,
- материјалот и техниката на изведба,
- додадените елементи надвор од оригиналната изведба или
- промената извршена во дизајнот.

3. Оваа одлука се применува на книжните и кованите пари коишто се законско средство за плаќање во Република Македонија и коишто се во оптек и книжните и кованите пари коишто се повлечени од оптек, а рокот на замена сѐ уште не е изминат.

## II. ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РЕПРОДУКЦИИ НА КНИЖНИ И КОВАНИ ПАРИ

4. Репродукциите за кои јавноста може да стекне впечаток дека претставуваат оригинални книжни и ковани пари не се дозволени.

5. За изготвување репродукција на книжни и ковани пари, со исклучок на оние од точка 10 на оваа одлука, потребна е писмена дозвола од Народната банка.

6. Дозволата од точка 5 од оваа одлука се издава врз основа на поднесено писмено барање за репродукција. Барањето се поднесува од нарачателот на репродукцијата или од нејзиниот производител, доколку тој ја користи репродукцијата.

7. Барањето за добивање дозвола за репродукција на книжните и кованите пари задолжително ги содржи следниве елементи:

- детален опис на репродукцијата, причина за потребата за репродукција на книжни и ковани пари, број на парчиња по апоенска структура, вид и карактеристики на материјалот од кој ќе се изработи репродукцијата,
- примерок од репродукцијата или слика од неа треба да биде приложена кон барањето.

8. При одлучување за барањето за дозвола за репродукција, Народната банка особено ќе оценува дали репродукцијата може да предизвика забуна во однос на оригиналните книжни и ковани пари.

9. Предлог-одлука за издавање дозвола за репродукција на книжните и кованите пари изготвува комисија формирана од гувернерот на Народната банка.

Одлуката за издавање дозвола за репродукција на книжни и ковани пари ја донесува гувернерот на Народната банка.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОЗВОЛЕНИ РЕПРОДУКЦИИ НА КНИЖНИ И КОВАНИ ПАРИ

10. Репродукции на книжни и ковани пари може да се изготвуваат и без дозвола на Народната банка, во случаи кога не постои ризик за јавноста дека, станува збор за оригинални книжни и ковани пари и кога се исполнети некои од следниве услови:

- само на аверсот (лицето) или на реверсот (опачината) на банкнотата, под услов еднострана та репродукција да е поголема од 125% или помала од 75% од должината и ширината на книжните пари,
- на дел од аверсот или реверсот во природна големина, под услов тој дел да биде помал од една третина од аверсот или реверсот на книжните пари,
- во големина поголема од 200% или помала од 50% од должината и ширината на книжните пари,
- на поединечен елемент од дизајнот на книжните пари, под услов тој елемент да е прикажан на заднина којашто е сосема различна од заднината на книжните пари,
- изработена во црно-бела техника, независно од димензиите на книжните пари,
- нематеријални репродукции во електронска форма коишто ѝ овозможуваат на јавноста пристап до нив, каде што резолуцијата на репродукцијата на книжните пари и кованите пари не надминува 72 точки по инч (dpi),
- на кованите пари поголема од 100% или помала од 50% од кованите пари,
- репродукција којашто е направена на материјал што јасно се разликува од хартија и што е јасно различен од материјалот којшто се употребува за изработка на книжните и кованите пари.

11. Репродукции на книжни и ковани пари не смеат да се изработуваат ако општиот изглед или поодделни делови на репродукцијата го навредуваат угледот на Република Македонија и Народната банка.

12. Кога Народната банка ќе забележи недозволена репродукција на книжни и ковани пари, недозволена репродукција достапна електронски на веб-локации, или на други средства достапни за јавноста, ќе преземе соодветни дејствија согласно со член 115 од Законот за Народната банка.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О.бр. 02-15/VII-10/2011
30 јуни 2011 година
Скопје

Гувернер и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
**Димитар Богов**, с.р.